Сиг. 0802

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ

V ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, 2008

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 20.06.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3664 | 1 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по јазик и култура на Ромите за V одделение на деветгодишното основно училиште.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот / ученичката :

- -да се оспособи за усно и писмено изразување на ромски јазик
- -да се оспособи за правилно изговарање на гласовите и зборовите
- -да умее самостојно да говори и пишува на ромски јазик
- -да знае да користи речник и други помагала
- да се оспособува да чита со разбирање различни текстови;
- да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да користи граматички и правописни правила при говорење, читање и пишување;
- да го збогатува речникот со нови зборови ;
- да се поттикнува да усвојува знаења за народната и уметничката литература на Ромите.
- да учествува во разговор и да умее да искажува свои доживувања, чувства и факти;
- да развива чувство на припадност кон својата култура и почит кон другите култури;

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Слушање, говорење, читање и пишување | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да зборува за себе си, за своите интереси како и за другите; | Јас и другите (во семејството, училиштето)<br>**Me thaj avera (ani familia, sikljovlin)** | **Kako, Bibi, Mami, Papu, Phrala, Penja, Romani čhib, Historia Ničekeripe e jeriengoro, Sikljovlinakere aktivitete.** | - Вежби за опишување на активности во училиштето, семејството и околината;<br>- разговори за секојдневните активности во училиштето, семејството и во околината;<br>- дополнување на реченици по слушнат исказ, дијалог или приказна;<br>- Опишување на појави во природата и околината. |
| - да ги опишува своите активности во училиштето, семејството и околината;<br>- да умее да поставува и одговара на прашања за позната тема (здрава исхрана, слободно време идр.); | Слободно време- **Tromalo Vakti** | **Vikendo, Dajani, Vurdon, Avtobuso/Reizi, Kombi** | |
| - да опишува појави во природата и околината; | - Појави во природата<br>**Čipote ani prakrita** | **Šil,Tatipe, biršind/biršim, Iv** | - Вежби за пишување на описи според слики или слушнат текст; |
| - да разбира описи на лица, настани, предмети и сл.; | | | - читање и слушање на дијалог, народна приказна и сл. |
| - да ја разбира содржината на слушнат дијалог, | - Мојата околина –**Miro trujalipe** | - **Pakutni , Diz/Foro, Gav, Dadesthan;**<br>- **Pošta, bioskopo, teatro**; | |